**УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**објавува**

# КОНКУРС

**за мобилност на наставен кадар во рамки на програмата ЕРАЗМУС+**

**АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА НАСТАВЕН КАДАР**

**за академската 2024/2025 година**

Во рамки на програмата **ЕРАЗМУС+ КА131** на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за престој на наставен кадар на високообразовните институции **во програмските држави:**

- државите членки на ЕУ
- државите членки на ЕФТА кои се членки и на ЕЕО (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн)
- Република Србија и Република Турција

Сите потребни документи за аплицирање можете да ги најдете и на интернет страната на УКИМ-Erasmus+ (www.ukim.edu.mk).

**Времетраење на мобилноста:**

- 3 до 5 работни дена не сметајќи го времето потребно за патување
- мобилноста за наставен ангажман (teaching) подразбира минимум 8 часови настава во текот на престојот

**Право на пријавување**

Наставен, соработнички и стручен кадар во редовен работен однос на УКИМ.

Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и универзитетите во некоја од **програмските држави**. (**Види листа на Еразмус+ договори**)

**Потребни документи за мобилност на наставен кадар:**

**мобилност за наставен ангажман (teaching):**

- (**Staff Application Form**)
- (**Staff Mobility Agreement for Teaching**)
- покана (Letter of invitation) од страна на Универзитетот- домаќин
- кратка биографија (**Europass model**).

**мобилност за обука (training) :**

- (**Staff Application Form**);
- (**Staff Mobility Agreement for Training**)
- покана (Letter of invitation) од страна на Универзитетот- домаќин
- кратка биографија (**Europass model** **до 3 стр.**).

Кандидатите лично ја поднесуваат апликацијата **во три примерока** до Еразмус+ координаторот на факултетот најдоцна **до 13 декември 2024 година.**

*(Еден примерок за Еразмус+ координаторот, еден примерок задржува наставникот и еден примерок со пропратно писмо од факултетот се доставува до Ректоратот на УКИМ)*

(**Види листа на Еразмус+ координатори по факултети**).

Краен рок за поднесување на апликациите од страна на факултетите до Ректоратот на УКИМ е **20 декември 2024.**

Висината на стипендијата за наставен кадар изнесува 148-190 ЕУР на ден, согласно земјата во која се престојува (*Види листа на интернет-страната на Универзитетот*).

Индивидуалните апликации нема да бидат земени во предвид.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**